“Е В Р О П А“ – СКОПЈЕ
Ф-ка за чоколади,
вафли и бонбони АД ЦО
Бр. 0201/2057
04.07. 2024 год.

Врз основа на член 45 од Статутот на Фабрика за производство на чоколади, вафли и бонбони АД ЕВРОПА Скопје, а во согласност со член 343 став 1, член 344, член 365, член 367 и член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 04.07.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за избор на членови на одбор на директори на АД ЕВРОПА Скопје

**Член 1**

Се констатира престанок на функцијата извршен член на Одбор на директори на членот Марика Караџова врз основа на поднесена изјава за престанок на вршење на функција извршен член генерален директор заради пензионирање заклучно со ден 15.05.2024 година.

**Член 2**

Согласно одредбите од Закон за трговските друштва и Статутот на АД Европа Скопје и потребата од пополнување на испразнетите места во Одборот на директори, за членови на одбор на директори на Фабрика за производство на чоколади, вафли и бонбони АД ЕВРОПА Скопје се избираат лицата :

1.Марина Симоноски и

2.Марика Караџова,

во својство на неизвршни членови.

**Член 3**

Мандатот на горенаведените членови на одбор на директори на Фабрика за производство на чоколади, вафли и бонбони АД ЕВРОПА Скопје ќе трае до истек на мандатот на останатите членови на Одборот на директори, односно до 11.05.2025 година.

**Член 4**

На неизвршните членови на одбор на директори ќе им се исплаќа месечен надомест во нето износ од 30.000,00 денари по член.

**Член 5**

Оваа Одлука се запишува во Централниот регистар на РСМ, за што се задолжува овластен регистрационен агент истата да ја спроведе.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Скопје, 04.07.2024 година

Фабрика за чоколади вафли и бонбони "ЕВРОПА" А.Д. СКОПЈЕ

Претседавач на
Собрание на акционери
на АД ЕВРОПА Скопје